AUSTRALIAN COMMISSION ON SAFETY AND QUALITY IN HEALTH CARE

Please note that the following document was created by the former Australian Council for Safety and Quality in Health Care. The former Council ceased its activities on 31 December 2005 and the Australian Commission on Safety and Quality in Health Care assumed responsibility for many of the former Council's documents and initiatives. Therefore contact details for the former Council listed within the attached document are no longer valid.

The Australian Commission on Safety and Quality in Health Care can be contacted through its website at http://www.safetyandquality.gov.au/ or by email mail@safetyandquality.gov.au

Note that the following document is copyright, details of which are provided on the next page.

AUSTRALIAN COMMISSION ON SAFETY AND QUALITY IN HEALTH CARE

The Australian Commission on Safety and Quality in Health Care was established in January 2006. It does not print, nor make available printed copies of, former Council publications. It does, however, encourage not for profit reproduction of former Council documents available on its website.

Apart from not for profit reproduction, and any other use as permitted under the Copyright Act 1968, no part of former Council documents may be reproduced by any process without prior written permission from the Commonwealth available from the Attorney General's Department. Requests and inquiries concerning reproduction and rights should be addressed to Commonwealth Copyright Administration, Attorney General's Department, Robert Garran Offices, National Circuit, Barton ACT 2600 or posted at http://www.ag.gov.au/cca

# 10 совети за побезбедна здравствена грижа



Овој краток преглед беше изработен од Австралискиот совет за безбедност и квалитет на здравствената грижа, кој го основаа сојузната влада и владите на државите и територите за да ја подобрат безбедноста на здравствената грижа во Австралија. Овие *10 Совети** може да ви помогнат да станете поактивни во вашата здравствена грижа. Книшката "*10 Совети за побезбедна здравствена грижа*" содржи повеќе прашања што можеби ќе сакате да му ги поставите на вашиот здравствен работник.

* Овие 10 Совети се приспособени од информативните листови за пациентите на Американската агенција за истражување и квалитет во здравството (може да се најдат на интернет на www.ahrq.gov/consumer).

**1 Бидете активно вклучени во вашата здравствена грижа**

Учествувајте во секоја одлука за да помогнете да се спречат грешки и за да ја добиете најдобрата можна грижа за вашите потреби.

**2 Кажете ако имате било какви прашања или ако нешто ве загрижува**

Поставувајте прашања.

Очекувајте одговори што можете да ги разберете.

Ако сакате, побарајте со вас да дојде член на семејството, негувател или преведувач.

**3 Научете повеќе за вашата состојба или лекување**

Соберете колку што е можно повеќе сигурни информации.

Прашајте го вашиот здравствен работник:

- на што треба да обрнам внимание?
- ве молам кажете ми нешто повеќе за мојата состојба, проверки и лекување?
- како ќе ми помогнат проверките или лекувањето и што вклучуваат тие?
- какви се опасностите и што може да се случи ако не се подложам на ова лекување?

**4 Правете список на сите лекови што ги земате**

Вклучувајќи

- лекови што ви се препишани, што сте ги купиле без рецепт, и помошни лекови (на пример, витамини и тревки); и
- информации за алергиите на лекови што можеби ги имате.

**5 Погрижете се да ги разбирате лековите што ги земате**

Прочитајте ја налепницата, вклучувајќи ги и предупредувањата.

Уверете се дека тоа е лекот што ви го препишал вашиот лекар.

Прашајте за:

- упатства за употреба;
- можни споредни дејства или влијанија со други лекови или храна; и
- колку долго ќе треба да го земате.

**6 Земете ги резултатите од секоја проверка или постапка**

Јавете му се на вашиот лекар да дознаете какви се вашите резултати.

Прашајте што значат тие за вашата грижа.

**7 Разговарајте за можностите што ви стојат на располагање ако треба да одите во болница**

Прашајте:

- колку брзо треба да се случи тоа?
- дали постои можност операцијата/зафатот да го направам како дневен пациент, или во друга болница?

**8 Уверете се дека сте разбрале што ќе се случи ако ви треба операција или зафат**

Прашајте:

- што ќе вклучува операцијата или зафатот и дали постојат некои опасности?
- дали има други можни начини на лекување?
- колку ќе чини?

Кажете им на вашите здравствени работници ако сте алергични или ако некогаш сте имале лоша реакција при опивката или некое друго лекарство.

**9 Проверете дали вие, вашиот лекар и вашиот хирург се согласувате за она што ќе биде направено**

Потврдете каква операција ќе се прави и каде, колку што е можно поблиску до времето кога таа треба да се изврши.

**10 Пред да ја напуштите болницата, побарајте од вашиот здравствен работник да ви го објасни планот за лекување што ќе го спроведувате дома**

Уверете се дека разбирате како ќе продолжи вашето лекување, кои лекарства ќе ги земате и кој ќе ја продолжи вашата грижа.

Појдете кај вашиот општ лекар колку што е можно поскоро откако ќе ве отпуштат од болница.

*Дознајте повеќе за Советот за безбедност и квалитет (Safety and Quality Council) или побарајте примероци од книшката* "10 Совети за побезбедна здравствена грижа"*. Тоа може да го сторите ако се јавите на* **(02) 6289 4244** *или појдете на местото на интернет на Советот* ***www.saftyandquality.org***